ROMACTED
Promoting good governance
and Roma empowerment
at local level

Република Северна Македонија
ОПШТИНА ВИНИЦА
Градоначалник
Бр. 10-77/22
17 05 2023 год
ВИНИЦА

# ПОВТОРЕН ЈАВЕН ОГЛАС ЗА КОРИСТЕЊЕ НА ДОГОВОРНИ УСЛУГИ ОД ОБРАЗОВНИ ИНСТИТУЦИИ ЗА ДООФОРМУВАЊЕ НА СРЕДНО ОБРАЗОВАНИЕ ЗА ВОЗРАСНИ ЛИЦА

Општина Виница повторно објавува јавен оглас за користење на договорни услуги од образовни институции за дооформување на средно обраозвание за возрасни лица од Општина Виница. Оваа активност се имплентира како дел од акцијата „Пост КОВИД 19 мерки за превенција и опоравување во образованието за деца и возрасни„ финансирана во рамки на заедничкиот проект на Европската Унија и Советот на Европа, РОМАКТЕД Програмата Фаза II за „Промовирање на добро управување и зајакнување на Ромите на локално ниво„

**Краток опис на акцијата**

Оваа акција има за цел директно да го промовира и унапреди образовното ниво на дел од ромската заедница во Општина Виница со цел да им овозможи на Ромите да бидат конкуректни и да им го олесни пристапот на пазарот на труд.

Целта на повикот е да се обезбеди сертифицирано училиште коешто ќе обезбеди реализирање на наставна програма и стекнување со диплома за завршено средно образованиеза возрасни Роми кои немаат завршено средно образование.

Со оваа активност ќе бидат опфатени Роми кои имаат завршено тригодишно средно образование и на кои им недостасува уште една година за да се стекнат со диплома за завршено средно образование.

Приајвени се вкупно 4 лица, Роми кои имаат потреба за дооформување на следните профили:

1. Вид на образование: Гимнзиско,
   Подрачје/струка/насока: Природно – математичко,комбинација Б
2. Вид на образование: Стручно образование,
   Подрачје/струка/насока: Текстилно - кожарска
3. Вид на образование: Стручно образование,
   Подрачје/струка/насока: Текстилно кожарска
4. Вид на образование: Стручно образование,
   Подрачје/струка/насока: Текстилна струка

Co-funded by the European Union
EUROPEAN UNION
COUNCIL OF EUROPE
CONSEIL DE L'EUROPE
Co-funded and implemented by the Council of Europe

Образовната институција има за задача да направи анализа на пријавените кандидати и да направи листа од кадиндати кои ги исполнуваат условите за дооформувањето на образованието кое треба да биде спроведено во временски период до декември 2023 година.

## ГЕНЕРАЛНИ КРИТЕРИУМИ ЗА УЧЕСТВО ВО ПОВИКОТ

За учество во повикот предвидени се следниве критериуми:

1. Понудувачот на услугите треба да биде регистрирано правно лице согласно Законот за образование на возрасни
2. Училиштето треба да ги покрива потребните профили наведени во повикот
3. Училиштето треба на крајот од наставната програма да додели диплома за завршено средно образование

## ПОТРЕБНИ ДОКУМЕНТИ ЗА АПЛИЦИРАЊЕ

1. Тековна сметка не постара од 6 месеци од денот на аплицирање
2. Доказ за регистрирана дејност на верифицирана установа/институција за образование на возрасни
3. Наставна програма за секој профил согласно огласот
4. Финансиска понуда за секој профил согласно огласот (доставените цени да бидат без ддв, имајќи во предвид дека проектната акција ќе биде ослободена од ддв) како и финасиска понуда за покривање на патни трошоци ( доколку образовната институција е надвор од градот Виница ) .
5. Временска рамка за комплетирање на образованието и издавање на диплома

**<u>Комплетната документација може се достави на три начини:</u>**

- во архивата на општината во затворен коверт со долунаведена назнака
- препорачано по пошта на следната адреса: (ул.Бел Камен бр.13,2310 Виница) во затворен коверт со долунаведена назнака
- или електронски на следната е-маил адреса: aleksovaluiza@gmail.com со долунаведена назнака

**Крајниот рок за доставување на документацијата е седум дена од денот на објавување на огласот на веб страната на општината, односно најдоцна до 25.05.2023 година со назнака: „ПОНУДА ЗА ЈАВЕН ОГЛАС ЗА КОРИСТЕЊЕ НА ДОГОВОРНИ УСЛУГИ ОД**

ROMACTED

Promoting good governance and Roma empowerment at local level

**ОБРАЗОВНИ ИНСТИТУЦИИ ЗА ДООФОРМУВАЊЕ НА СРЕДНО ОБРАЗОВАНИЕ ЗА ВОЗРАСНИ ЛИЦА"-РОМАКТЕД ПРОГРАМА**

**Ненавремената и некомплетната документација нема да се разгледува и истата нема да влезе во конкуренција со останатите пријави.**

За сите дополнителни прашања и информации можете да не контактирате на следниот број: 078 496 637 секој работен ден од 10:00 до 12:00 часот. Лице за контакт, Луиза Алексова.

Општина Виница

Градоначалник

Миле Петков

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА · ГРАДОНАЧАЛНИК · ВИНИЦА · ОПШТИНА ВИНИЦА

Co-funded by the European Union

EUROPEAN UNION

COUNCIL OF EUROPE

CONSEIL DE L'EUROPE

Co-funded and implemented by the Council of Europe